Архивски број: 08-216/8
17-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-216/1 од 08.03.2023 година поднесена од лицето Скопје, со адреса на живеење на Скопје, против Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје, за сторена дискриминација врз основ на религија или верско уверување, личен или општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 17.05.2023 година го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на религија или верско уверување, личен или општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје, кон лицето од Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка со архивски број 08-216/1 од 08.03.2023 година, од лицето од Скопје, со адреса на живеење , Скопје, против Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје (во понатамошниот текст: Агенцијата), за сторена дискриминација врз основ на религија или верско уверување, личен или општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Во претставката, подносителката наведува дека на одина донесено е Решение ната установа Меѓуопштински центар за социјални работи Скопје-Гази Баба со кое барањето на лицето од Скопје за остварување на правото на гарантирана минимална помош е одбиено. Во образложението на Решението е наведено дека "врз основа на електронската размена на податоци со Агенцијата за вработување се утврди дека подносителот на барањето до дина има казна за пријавување ( податоци превземени на

На годtimes до Комисијата доставен е Одговор од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 08-216/5. Во одговорот се негира секаков дискриминаторски однос кон подносителката на претставката од страна на вработените лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје, базиран врз следната аргументација: лицето од Скопје, евидентно од документацијата со која располага Агенцијата последен пат се пријавила како невработено лице на одина по што престанала да се јавува во Агенцијата на секои 30 дена и да докаже дека активно бара работа во последниот месец. Кон одговорот приложен е Преглед на пријави и одјави за именуваната, како и Потврда со наведени статуси сметано од одаток дека истата во моментот на издавање на потврдата има статус Ненавремено пријавување.

Со оглед дека лицето поднело жалба против Решението на Агенцијата со кое е избришана од евиденцијата како невработено лице, по која Решение на дина донело Министерство за труд и социјална политика, на одина Комисијата по електорнски пат побара од Агенцијата да го достави Решението како би се извршил увид во образложението на истото. Истото е заведено како доказ број 08-216/7.

Врз основа на сите прибавени докази се констатира дека постапувањето на Агенција е во согласност со членот 59-а од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Сл. Весник на РСМ бр. 4/1998; 14/1999; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 7/2002; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 88/2007; 102/2008; 161/2008; 162/2008; 50/2010; 88/2010; 171/2010; 51/2011; 86/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 44/2014; 113/2014; 56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018; 124/2019; 103/2021; 274/2022) согласно кој:

*„(1) Невработеното лице е должно лично да се јавува во Агенцијата на секои 30 дена и да докаже дека активно барало работа во последниот месец, а друго лице кое бара работа на секои шест месеци.*
*(2) Невработеното лице кое нема да ја исполни обврската од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена по истекот на рокот на јавување утврден во индивидуалниот план за вработување, се брише од евиденцијата на невработени лица и може повторно да се пријави по истекот на една година, а корисниците на права по основ на невработеност го губат и правото."*
Дополнително, во членот 59-в од истиот Закон се предвидени основи за бришење од евиденцијата на невработени лица, меѓу кои е предвидено дека лицето ќе се избрише од евиденцијата на невработени лица доколку лицето *„ не се пријави во законски утврдениот рок или не се јави на покана на Агенцијата од неоправдани причини"*

Земајќи ги во предвид доказите во предметот, лицето -
постапило спротивно на член 59-а од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Врз основа на погореизнесено, а доведено во корелација со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број. 258/20), во кој уредено е дека дискриминација претставува "секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лицеили група на еднаква основа со други", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не се утврдени факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје, заради што одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје,
17.05.2023 година

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Исмаил Камбери**

Доставено до:

- копје
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување на град Скопје, Ул. " Васил Ѓоргов ", број 43, Скопје
- Архива